Службен весник на Република Македонија

Број 139 **17 август 2015, понеделник** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
3914.	**Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој	**3**
3915.	**Уредба** за начин на распределба на бесплатно отстапена стока од државен орган, како и образец на извештај за бесплатно отстапена стока од страна на државен орган.....	**8**
3916.	**Одлука** за престанок на користење на недвижни ствари на Министерство за образование и наука	**12**
3917.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија - Скопје	**12**
3918.	**Одлука** за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Македонска Каменица.....	**12**
3919.	**Одлука** за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „Балтазар“ - Куманово	**13**
3920.	**Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за внатрешни работи	**13**
3921.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крушево	**14**
3922.	**Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи	**14**
3923.	**Одлука** за продажба на недвижни ствари - објекти во Катланово	**14**

		Стр.
3924.	**Одлука** за запишување на право на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности	**15**
3925.	**Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за размена на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија со земјоделско земјиште во приватна сопственост	**15**
3926.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Тетово.....	**16**
3927.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Кабинетот на Претседателот на Република Македонија	**16**
3928.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална Урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство на ПВЦ прозорци и врати) КО Велес општина Велес.....	**16**
3929.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на надземен 10(20)kV приклучен вод и БСТС 10(20)/04.kV Крстов Дол-Јаловиште КО Крстов Дол, Општина Крива Паланка	**17**
3930.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за вработување на Република Македонија.....	**17**
3931.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Агенцијата за вработување на Република Македонија.....	**17**
3932.	**Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје.....	**18**
3933.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Тетово	**18**
3934.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државен управен инспекторат	**19**
3935.	**Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија.....	**20**
3936.	**Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје.....	**24**
3937.	**Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државно училиште за деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов”- Скопје.....	**28**
3938.	**Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Дреново за изградба на објекти со намена А-домување, В-јавни институции, Д-зеленило и Е-комунална супраструктура КО Дреново општина Кавадарци	**31**
3939.	**Програма** за вештачење и процени на Бирото за судски вештачења за потребите на судовите и јавните обвинителства, државните органи, јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата за 2015 година	**34**
3940.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Крива Паланка.....	**34**
3941.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Штип	**34**
3942.	**Решение** за давање согласност на Статутот на јавната установа завод за социјални дејности-Скопје	**35**
3943.	**Решение** за давање согласност на Статутот на Меѓуопштински центар за социјална работа Берово	**35**
3944.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје	**35**
3945.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод.....	**35**
3946.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Центар за социјална работа Крушево	**35**
3947.	**Решение** за давање согласност на Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Кочани....	**36**
3948.	**Објава** за стапката на трошоците на животи платите за месец јули 2015 година	**36**
	Огласен дел.....	**1-44**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

3914.

Врз основа на член 101 став (7) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“, бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15 и 83/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

У Р Е Д Б А

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ВИДОТ НА АКТИВНОСТИ, МАКСИМАЛНИОТ ИЗНОС ПО АКТИВНОСТИ,КОРИСНИЦИТЕ, СУБЈЕКТИТЕ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО ПОСТАПКАТА, ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ И НАЧИНОТ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКАТА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2013, 81/2013, 181/2013, 1/2014, 23/2014, 136/2014 и 157/2014) во членот 3 став 4 зборовите „задруги регистрирани согласно Законот за задругите за вршење на земјоделска дејност и/или за трговија со земјоделски производи“ се заменуваат со зборовите „земјоделските задруги регистрирани согласно Законот за земјоделските задруги.“

Член 2

Во членот 4 став4 по алинејата 17 се додава нова алинеја 18 која гласи:

-„Национална изложба на македонското овчарско куче – Шарпланинец- Скопје;“

Ставот 6 се менува и гласи:

„Спроведувањето на активностите од ставот 2 на овој член се реализира на следниот начин:

- за учество на саемски манифестации и саеми на земјоделски производители и преработувачи вон Република Македонија, утврдени согласно програмата за финансиска подршка во руралниот развој, Министерството во соработка со социјалните и економските партнери упишани во евиденцијата во Министерството, ги спроведува активностите преку поднесување на пријава за учество до организаторот на манифестацијата/саемот.

- за локалните манифестациите од став 4 на овој член кои се одржуваат во Република Македонија, поддршката се реализира врз основа на поднесено барање до Министерството за користење на техничка поддршка од страна на организаторот на манифестацијата и

- за еднодневните манифестации за промоција на земјоделски производи вон РепубликаМакедонија, се поднесува барање до Министерството за користење на техничка поддршка од страна на организаторот од став 9 на овој член.“

Член 3

Во членот 6 став 1 по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- трошоци за воспоставување и работа на унифицирани и специјализирани продавници за продажба на органска храна во Скопје.“

По ставот 11 се додаваат два нови става 12 и 13 кои гласат:

„Максималниот износ за техничката поддршка од став 1 алинеја 7 на овој член изнесува:

- 50% од направените трошоци за опремување на продавницата со исклучок на инвестициите за помошни и санитарни простории, но не повеќе од 600.000 денари;

- надомест на трошоци за закупнина вовисина од 50% од износот на годишната закупнината, но не повеќе од 30.000,00 денари месечно и

- надомест на трошоци за најмногу две лица вработени за продажба во органската продавница во висина од 100% од просечната месечна бруто плата во дејноста.

Финансиската подршка од став 1 алинеи 4 и 7 на овој член се однесува за период од три години од склучувањето на договорот за користење на поддршката со Агенцијата.“

Член 4

Во членот 9 став 2 износот „1.200.000“ се заменува со износот„ 3.000.000“.

Во ставот 3 по зборот „возрасните“ точката се брише и се додаваат зборовите „земјоделски здруженија регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации иземјоделски задруги регистрирани согласно Законот за земјоделските задруги.“

Член 5

Членот 10 се менува и гласи:

„Техничката поддршка за воспоставување и спроведување на истражувања се доделува за трошоци за спроведување на истражувања, трошоци за инвестициии во основни средства и опрема за спроведување на иновативни практики во примарното земјоделското производство и трошоци за апликација на научно-истражувачки достигнувања од областа на растителното и сточарското производство.

Истражувањата може да бидат пилот истражувања во времетраење до шест месеци, краткорочни истражувања во времетраење од 12 месеции долгорочни истражувања во времетраење не повеќе од 36 месеци.

Максималниот износ на поддршка за спроведување на истражувања изнесува 100% од вкупната вредност на трошоците, но не повеќе од 1.200.000 денари по корисник.

Максималниот износ на поддршка за инвестициии во основни средства и опрема за спроведување на иновативни практики во примарното земјоделското производство и трошоци за апликација на научно-истражувачки достигнувања од областа на растителното и сточарското производство не може да надмине 80% од вкупната вредност на трошоците, но не повеќе од 1.200.000 денари по корисник.

Корисници и субјекти кои учествуваат во постапката од член 12 на оваа уредба се земјоделски стопанства запишани во ЕРЗС,јавни научни установи и самостојни научни работници согласно Законот за научно истражувачка дејност, образовна институција или установа која ги исполнува условите согласно Законот за високото образование, Законот за средното образование, Законот за стручното образование и обука и Законот за образование на возрасните,земјоделски здруженија регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и земјоделски задруги регистрирани согласно Законот за земјоделските задруги.“

Член 6

Во членот 11 став 1 по алинејата 8 се додаваат две нови алинеи 9 и 10 кои гласат:

„ - инвестициони вложувања за набавка на опрема за аналитички и дијагностички методи за утврдување на загадувачи во примарни земјоделски производи и храна; и

- агрометеоролошки мониторинг станици вклучително и софтверски алатки за обработка и анализирање на добиените податоци.“

По ставот 4 се додава нов став 5 кој гласи:

„Субјект које корисник на техничката поддршка од став 1 алинеја 9 на овој член е Државната фитосанитарна лабораторија, а за техничката поддршка од став 1 алинеја 10 на овој член е Агенцијата за потикнување на развојот на земјоделството.“

Член 7

Член 12 се менува и гласи:

„Средствата за поддршката од член 3, член 5, член 6 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 7, член 7, член 9, член 10 и член 11 став 1 алинеја 6 на оваа уредба ќе се реализираат со јавен повик.

Средствата за поддршката од член 4 на оваа уредба ќе се реализираат со договор помеѓу Министерството и организаторот на манифестацијата/саемот, односно правно лице кое е овластено од организаторот за изработка на штандови и уредување и опремување на изложбен простор.

Средствата за поддршката од член 6 став 1 алинеја 6, член 8 и член 11 став 1 алинеи 1, 5, 7, 8, 9 и 10на оваа уредба ќе се реализираат од Министерството по пат на јавна набавка.

Средствата од член 11 став 1 алинеи 2, 3 и 4 на оваа уредба ќе ги реализира Агенцијата по пат на јавна набавка.

Јавниот повик за реализација на средствата за поддршката од членовите 3, 5, 7, 9, 10 и 11 став 1 алинеја 6 на оваа уредба го објавува Министерството.

Јавниот повик за поддршката од член 6 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 7 го објавува Агенцијата.“

Член 8

Членот 13 и насловот на член 13 се менуваат и гласат:

„Поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој со јавен повик

Субјектите од членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 на оваа уредба за учество во постапката од член 12 став 1 на оваа уредба доставуваат предлог за користење на помош за намените од членовите 3, 5, 7, 9, 10 и 11 став 1 алинеја 6.

Предлогот од став 1 на овој член особено содржи:

1. Податоци за предлагачот;

2. Назив и резиме на предлогот;

3. Опис на предлогот (опис на постоечки состојби, поставени цели, очекувани резултати);

4. План на активности со временска рамка за реализација на предлогот по активности и методологија за нивна реализација;

5. Финансиски план на трошоците, временска рамка за нивно настанување и извори на финансирање;

6. Влијание на предлогот во смисла на понатамошна одржливост на активностите, целна група односно опис на директни и индиректни корисници на резултатите од активноста, понатамошна примена на резултатите и очекувани ефекти за корисниците и

7. За предлозите за техничка поддршка за воведување на заштитени ознаки за квалитет на земјоделски и преработени производи се доставува и број на производители, количина на производот, дефинирано географско подрачје (за заштитени ознаки за потекло и географска ознака),резултат од истражување на пазарот, придобивки на регионот од заштитата на производот и промотивни активности.

Кон предлогот од став 2 на овој член особено се приложуваат и следните документи:

1. Тековна состојба од Централен регистар на Република Македонија;

2. Препораки или други докази за претходна имплементација на сродни предлози;

3. За апликантите правни лица: потврда за евиденција во ЕРЗС (ако се занимаваат со примарно земјоделско производство),доказ од Централен регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна и ликвидациона постапка и доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки и

4. За здруженија и стопански комори: годишна програма за работа со вклучени активности од предлогот усвоена согласно статутарните акти.

Министерството со јавниот повик објавува детално упатство за изработка на предлогот од став 2 на овој член и листа на потребна придружна документација.

По исклучок од став 1 на овој член, субјектите од членовите 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10 и 11 на оваа уредба за учество во постапката од член 12 став 1 на оваа уредба доставуваат барање за користење на поддршката од член 6 став 1 алинеи 1, 2, 3, 4, 5 и 7 до Агенцијата.

Кон барањето од став 5 на овој член покрај тековна состојба на подносителот на барањето од Централен регистар на Република Македонија особено се приложуваат и следните документи:

1. За поддршката од член 6 став 1 алинеја 1 на оваа уредба се доставуваат:

- решение за упис во Регистарот на производители на вино и/или Регистарот на оператори со храна и објектите од неживотинско потекло;

- финансиски документ за направени трошоци за амбалажа на флаширано и извезено вино со потекло од Република Македонија или за извезена преработка на зеленчук во стаклена амбалажа со потекло од Република Македонија и

- царински документ и/или извозна фактура за реализиран извоз на вино или преработен зеленчук со потекло од Република Македонија.

2. За поддршката од член 6 став 1 алинеја 2 на оваа уредба се доставуваат:

- решение за упис во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и

- царински документ и/или извозна фактура за реализиран извоз на ориз во пакување со потекло од Република Македонија издадени во тековната година.

3. За поддршката од член 6 став 1 алинеја 3 на оваа уредба се доставуваат:

- решение за упис во Регистарот на производители на вино;

- доказ за регистрирани откупни места за винско грозје издаден од Министерството на производители на вино и/или откупувачи на винско грозје и

- финансиски документ за откупено винско грозје од регистрирано откупно место доколку откупот е извршен од трети лица во име и за сметка на регистриран капацитет за производство на вино и/или испратница за откупено винско грозје од регистрирано откупно место до регистриран капацитет за производство на вино.

4. За поддршката од член 6 став 1 алинеја 4 на оваа уредба се доставуваат:

- доказ за располагање со деловен простор, не помал од 30 м² и не поголем од 100 м², во сопственост или под закуп во времетраење од најмалку три години;

- доказ за регистрирана дејност во Централниот регистар на Република Македонија;

- техничка документација и спецификација на трошоци за уредување и опремување на продажно место;

- доказ за категоризација на хотел;

- во рок од еден месец по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата, да се достави доказ за вработени најмалку две лица за продавницата за македонски вина, односно најмалку едно лице вработено за вински штанд кои имаат завршено најмалку средно образование;

- во рок од еден месец по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата, да се достави доказ дека вработените лица за продавницата за македонски вина или за вински штанд имаат одлично познавање на англиски јазик со поседување на сертификат за АПТИС (APTIS), ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), или друг меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори, најмалку на нивото А2 согласно Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), или ТОЕФЕЛ ПБТ (TOEFLPBT) најмалку 390 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFLCBT) најмалку 90 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFLIBT) најмалку 30 бода;

- доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки. - во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,внатрешното уредување на деловниот простор да биде во согласност со Основниот проект за ентериерно уредување на специјализирани продавници за продажба на македонско вино, кој е прилог на јавниот повик, како и сите вработени кои се ангажирани во продажбата на вината да носат униформи според дизајнот кој е пропишан во Основниот проект за ентериерно уредување;

- во рок од шест месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да се достави доказ за посетена обука и едукација за познавање на производот, основни познавања за винските сорти, особено на автохтоните, карактеристиките на виното и македонското поднебје, вински реони и послужување на вино.

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека имаат склучено договор со најмалку 15 винарии;

- во рок од три месеци по започнување со работа, да доставаат доказ дека изложените производи се со процент на алкохол не помал од 11%;

- во рок три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека на местата предвидени за видливо изложување на виното на полица или дисплеи, секоја винарница може да изложи по најмногу седум различни артикли / етикети од нивната понуда;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека не смеат да наплаќаат било каков надоместок за отстапување на деловниот простор за промотивни активности, ниту можат да ги отстапуваат своите вработени за спроведување на промотивни активности во име и за сметка на винарниците;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека за време на промотивните активности, им се дозволува на винарниците да донесат свои овластени претставници (хостеси, комерцијалисти, сомелиери и слично), да истакнуваат и делат свој рекламен материјал, при што нивните претставници треба да бидат јасно означени со посебна легитимација или посебно означена униформа со видливи ознаки, логоа или трговски знаци;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата, да доставаат доказ дека им дозволуваат на винарниците во текот на промотивните настани, да можат да понудат вино бесплатно или по повластени цени, да поделат подароци на консументите и слично, дека им дозволуваат на винарниците да можат

да изложат промотивни материјали: лифлети, флаери, shelftalker, wobbler (картонче со порака за полица), како и висечки постери со димензии не поголеми од Б2, освен за време на промоција на една или група на винарници;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека им дозволуваат на винарниците да вршат промотивна дисконтна продажба на виното по промотивни цени со ограничено времетраење, но не повеќе од седум дена во тек на секои два месеци и - во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата, да доставаат доказ дека им дозволуваат на винарниците за промотивни цели, бесплатно послужување и дегустација на виното.

5. За поддршката од член 6 став 1 алинеја 5 на оваа уредба се доставуваат:

- потврда за евиденција во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;

- доказ од Централниот регистар на Република Македонија дека не е поведена стечајна или ликвидациона постапка;

- доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки;

- годишна програма за работа со вклучени активности од предлогот усвоена согласно статутарните акти (за здруженија и стопански комори) и

- доказ за поврзаност на производот со географското подрачје (за географска ознака и ознака за потекло).

6. За поддршката од член 6 став 1 алинеја 7 на оваа уредба се доставуваат:

-доказ за располагање со деловен простор, не помал од 30м² и не поголем од 80м², во сопственост или под закуп во времетраење од најмалку три години;

- доказ за регистрирана дејност во Централниот регистар на Република Македонија;

- техничка документација и спецификација на трошоци за уредување и опремување на продажно место;

- во рок од еден месец по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да се достави доказ за вработени најмалку две лица за продавницата кои имаат завршено најмалку средно образование;

- по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да се достави доказ дека вработените лица во продавницата имаа активно познавање на англиски јазик;

- доказ од Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,внатрешното уредување на деловниот простор да биде во согласност со проектот за ентериерно уредување на специјализирани продавници за продажба на органска храна, кој е прилог на јавниот повик, како и сите вработени кои се ангажирани во продажбата да носат униформи;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека имаат склучено договор со најмалку десет сертифицирани органски производители од Република Македонија;

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека вкупниот асортиман на органски производи го сочинуваат 100% органски производи од македонско потекло и

- во рок од три месеци по истекот на рокот за реализација на инвестицијата утврден во договорот склучен со Агенцијата,да доставаат доказ дека не смеат да наплаќаат било каков надоместок за отстапување на дел од деловниот простор за промотивни активности.“

Член 9

Во членот 14 став 1 се менува и гласи:

„Постапката за избор на корисници по јавен повик ја спроведува комисија формирана од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство која составува записник за отворање на поднесени предлози, за евалуирање на предлозите и за избрани корисници со висина на одобрената поддршка за намените од членовите 3, 5, 6 став 1 алинеи 4, 5 и 7 членовите 7, 9, 10 и 11 став 1 алинеја 6 на оваа уредба.“

Во ставот 2 зборовите „членовите 3, 5, 7, 9 и 10“ се заменуваат со зборовите „членовите 3, 5, 6 став 1 алинеја 5 и членовите 7 и 9“.

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

„Изборот на предлозите по намената од член 6 став 1 алинеја 7 на оваа уредба ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

Критериуми		бод
Местоположба во градот Скопје		
1	Централно градско подрачје	40
2	Надвор од централно градско подрачје	30
Вредност на инвестицијата		
1	Инвестиции над 3.000.001 ден.	30
2	Инвестиции од 2.000.001 ден до 3.000.000 ден.	20
3	Инвестиции од 1.000.000 ден. до 2.000.000 ден.	10
Висина на закупнина		
1	Сопствен деловен простор	30
2	Деловен простор под закуп	20

Изборот на предлозите по намената од член 10 на оваа уредба ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

Критериуми		Минимум поени по критериуми	Максимум поени по критериуми
А	Усогласеност на проектот со приоритетните области за истражување утврдени во Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020	2,4	12
Б	Пристап кон истражувањето	2,4	12
В	Вклученост на потенцијалните корисници во проектот	3,2	16
Г	Директни и индиректни придобивки од проектот	4	20
Д	Општи критериуми за оценување	8	40
	1.Иновативност и создавање/проширување на нови знаења	1	5
	2.Оригиналност и релевантност на целите и активностите	1	5
	3.Компетентност на главен истражувач	1	5
	4.Компетентност на истражувачкиот тим	1	5
	5.Дефиниран план на истражување, активности, време и учесници	1	5
	6.Оправданоста на предложениот буџет и времетраење во однос на предложеното истражување	1	5
	7.Финансиско учество на други партнери (други извори на финансирање) во проектот	1	5
	8.Дефинирани индикатори за следење и евалуација на проектот	1	5
	Вкупно	20	100

“

Во ставот 4 кој станува став 6 зборовите „ алинеја 4“ се заменува со зборовите „ алинеја 6“.

Ставовите 5, 6, 7 и 8 стануваат ставови 7, 8, 9 и 10.

Член 10

Во членот 15 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Исплатата на поддршката по корисници за наменатa од член 10 на оваа уредба се врши на следниот начин:

- за пилот истражувања 100% од одобрена сума по потпишувањето на договорот;

- за краткорочни истражувања 50% од одобрена сума по потпишувањето на договорот и 50% по поднесување и прифаќање на периодичен извештај и

- за долгорочни истражувања:35% од одобрена финансиска поддршка по потпишувањето на договорот, 45% од одобрена финансиска поддршка по поднесување и прифаќање на прв годишен извештај и 20% од одобрена финансиска поддршкапо поднесување и прифаќање на втор годишен извештај“.

Во ставот 2 кој станува став 3 зборовите „членовите 9, 10 и 11 став 1 алинеја 4 се заменуват со зборовите“ членот 11 став 1 алинеја 6“.

Ставот 3 станува став 4.

Ставот 4 кој станува став 5 се менува и гласи:

„Исплатата на средствата за поддршката од член 4 на оваа уредба кои се реализираат со договор помеѓу Министерството и организаторот на манифестацијата/саемот односно правното лице кое е овластено од организаторот за изработка на штандови и уредување и опремување на изложбен простор, се врши во износ од 100% од износот на трошоците но не повеќе од максимален износ и во согласност со одобрените средства во програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој“.

Член 11

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.42-7831/2
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3915.

Врз основа на член 30 став (8) од Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА БЕСПЛАТНО ОТСТАПЕНА СТОКА ОД ДРЖАВЕН ОРГАН, КАКО И ОБРАЗЕЦ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА БЕСПЛАТНО ОТСТАПЕНА СТОКА ОД СТРАНА НА ДРЖАВЕН ОРГАН

Член 1

Со оваа уредба се пропишува начинот на распределбата на бесплатно отстапена стока од страна на државен орган, како и образецот на извештајот за бесплатно отстапена стока од страна на државен орган.

Член 2

(1) Државниот орган надлежен за распределба на стоката за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост (во натамошниот текст: стока), ги известува своите организациони единици (во натамошниот текст: организациони единици) за видот на бесплатно отстапената стока утврдена во Одлуката за бесплатно отстапување на стоката за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост донесена од страна на Владата на Република Македонија.

(2) Организационите единици во рок од три работни дена по приемот на известувањето од став (1) на овој член до државниот орган доставуваат барање во кое се содржани видот и количината на потребната стока согласно податоците од евиденцијата за крајните корисници-приматели на социјална помош и на семејствата чиј вкупен приход не надминува 1,5 минимална плата утврдена за минатата година.

(3) Распределбата на стоката на организационата единица се врши врз основа на решение на државниот орган.

(4) Организационите единици при приемот на стоката од државниот орган треба да утврдат дека видот и количината на стоката што ја примаат се совпаѓа со описот даден во решението со кое се распределува таа стока, за што се составува записник.

(5) Организационите единици на кои бесплатно им е отстапена стоката треба да ги известат потенцијалните крајни корисници за можноста да поднесат барање за добивање социјална помош во овој вид на стока, преку оглас на огласна табла во просториите на организационата единица која ја врши распределбата или преку оглас на веб страната на организационата единица.

(6) Барањето од став (5) на овој член го поднесува носителот на правото на социјална помош за членовите на неговото семејство, односно член на семејство чиј вкупен месечен приход не надминува 1,5 минимална плата утврдена за минатата година до организационата единица.

(7) За семејствата чиј вкупен месечен приход не надминува 1,5 минимална плата, утврдена за минатата година, кон барањето од став (5) на овој член се доставува и потврда од Управата за јавни приходи за пријавени или остварени приходи.

Член 3

(1) Организационите единици распределбата на стоката на крајните корисници ја вршат врз основа на следните податоците од Евиденцијата за корисниците на правата од социјална заштита:

- идентификациони податоци за членовите на семејството/домаќинството;

- број на членови на семејството/домаќинството,

- состојбата на движниот и недвижниот имот на семејството/домаќинството,

- податоци за материјалната состојба, приходите на семејството/домаќинството и
- податоци за станбените услови за живеење.

(2) Организационите единици при распределбата на стоката на крајните корисници треба да ја имаат предвид и соодветноста на стоката во смисла на потребата на барателите.

(3) Распределбата на стоката организационите единици ја вршат врз основа на решение за распределба на стока на крајните корисници.

(4) Организационите единици најдоцна во рок од пет работни дена од денот кога ја распределиле стоката го известуваат државниот орган за видот и количината на распределената стока на крајните корисници и за основот врз кој е направена распределбата.

(5) Во случај кога одредена стока не може да се распредели на крајни корисници поради нарушен квалитет, организационите единици со записник го констатираат истото и за тоа го известуваат државниот орган од член 2 став (1) на оваа уредба.

Член 4

(1) Државните органи кои учествуваат во системот за управување со кризи ја распределуваат стоката на крајните корисници-лица погодени од елементарни непогоди врз основа на Одлуката за бесплатно отстапување на стоката за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост донесена од страна на Владата на Република Македонија.

(2) Државните органи од став (1) на овој член надлежни за распределба на стоката во случаи на ублажување на последиците од елементарни непогоди во рок од три дена од влегувањето во сила на Одлуката за бесплатно отстапување на стоката за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост донесена од страна на Владата на Република Македонија ги известуваат единиците на локална самоуправа за видот на бесплатно отстапената стока.

(3) Единицата на локална самоуправа погодена од елементарна непогода во рок од три работни дена по приемот на известувањето од став (1) на овој член доставува барање во кое се содржани видот и количината на потребната стока.

(4) Распределбата на стоката на единиците на локална самоуправа се врши со решение донесено од страна на државниот орган од став (1) на овој член.

(5) Единиците на локална самоуправа при приемот на стоката од државниот орган треба да утврдат дека видот и количината на стоката што ја примаат се совпаѓа со описот даден во решението од став (4) на овој член за што се составува записник.

Член 5

(1) Единиците на локалната самоуправа распределбата на стоката на крајните корисници ја вршат врз основа на:

- податоците за големината на претрпената штета од елементарната непогода утврдена со записникот од Комисијата за проценка на штети;
- податоците за социјалниот статус на барателот;
- условите на домување на барателот на помош и
- податоците за бројот на членови на неговото семејство, односно домаќинство.

(2) Единиците на локалната самоуправа при распределбата на стоката на крајните корисници треба да ја имаат предвид и соодветноста на стоката во смисла на потребата на барателите.

(3) Распределбата на стоката единиците на локалната самоуправа ја вршат врз основа на решение за распределба на стока на крајните корисници.

(4) Единиците на локалната самоуправа најдоцна во рок од пет работни дена од денот кога ја распределиле стоката го известуваат државниот орган од член 4 став (1) на оваа уредба за видот и количината на распределената стока на крајните корисници и за основот врз кој е направена распределбата.

(5) Во случај кога одредена стока неможе да се распредели на крајни корисници поради нарушен квалитет, единиците на локалната самоуправа со записник го констатираат истото и за тоа го известуваат државниот орган од член 4 став (1) на оваа уредба.

Член 6

(1) Државните органи од член 2 став (1) и член 4 став (1) од оваа уредба на кои бесплатно им е отстапена стока треба во рок од 15 дена од денот кога ја распределиле стоката до крајните корисници да доставаат извештај за бесплатно отстапена стока до Владата на Република Македонија.

(2) Извештајот за бесплатно отстапена стока се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

(3) Формата и содржината на извештајот од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на оваа уредба.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за начин на распределба на бесплатно отстапената стока од државен орган и образец на извештај за бесплатно отстапената стока на страна на државен орган („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/13).

Член 8

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8288/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

ПРИЛОГ

Извештај за бесплатно отстапената стока

Назив на државен орган задолжен за изготвување на извештај

Број и дата на Одлука за бесплатно отстапување на стоката за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост

1. Податоци на организациони единици/единици на локална самоуправа на кои е распределена бесплатно отстапената стока

Назив на организациона единица/единица на локалната самоуправа	Вид на бесплатно отстапена стока	Количина на бесплатно отстапена стока	Дата на распределба

2.Податоци за крајни корисници

Име и презиме	Адреса	Вид на бесплатно отстапена стока	Количина на бесплатно отстапена стока	Основ за распределба	Државен орган-орган задолжен за распределба

3. Преглед на вкупно распределена и нераспределена стока

Вкупно распределена стока по Одлука на Владата	Вкупно превземена стока	Вкупно распределена стока на крајни корисници	Нераспределена стока

дата

М.П

потпис

3916.

Врз основа на член 18 став 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15 и 106/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.8.2015 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на недвижни ствари – дел од објект Стара команда на Армијата на Република Македонија, кои се наоѓаат во м.в „Град", на КП бр.3376, КО Кичево 6, запишани во Имотен лист бр.100231, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- зграда1, намена В 4-1, влез 1 Пр, бр. 1, ПП, со внатрешна површина од 48 м2;
- зграда 1, намена В 4-1, влез 1, Пр, бр. 1, ДП, со внатрешна површина од 553 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42-7422/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

3917.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15 и 106/15) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ДИГЕСТИВНА ХИРУРГИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство му престанува користењето на движните ствари:

	Вид на опрема	Модел	Производител	Количина
1	Инструментарски роствај маси – за редење на хируршки инструменти	TAV7578-2PR	Франце Хоспитал	2
2	Роствајгни садови – патени за пренесување на органи при трансплантација	KB8M13	Франце Хоспитал	4
3	Очила за микрохирургија	KL4 Prism (HLP02 LED)	Шулц	4

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-7500/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3918.

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", број 17/11, 53/11, 144/12, 25/13, 137/13, 163/13 и 44/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Член 1

Со оваа одлука на Општина Македонска Каменица се дава право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија, кое претставува КП број 4743/3, КО Каменица, градежно неизградено земјиште, со површина од 373м2 и КП број 4568/4 КО Каменица, градежно неизградено земјиште со површина од 66м2, евидентирани во Имотен лист број 589, односно вкупна површина од 439м2, согласно Извод од Архитектонско урбанистички проект за спортско рекреативен центар одобрен со решение број 09-1912/2 од 23.12.2013 година, од Советот на Општина Македонска Каменица за градежна парцела број 6.03, наменета за изградба на управна зграда со соблекувални за потребите на градскиот стадион.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надомест.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-7678/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3919.

Врз основа на член 107 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРИВАТНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ „БАЛТАЗАР“-КУМАНОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава одобрение за основање на приватна установа за деца - Центар за ран детски развој „БАЛТАЗАР“ - Куманово, со седиште на ул. „Питу Гули ” бр.11, општина Куманово.

Член 2

Одобрението од член 1 од оваа одлука се дава врз основа на поднесеното барање од Викторија Соларска, со живеалиште на ул. „Октомвриска революција” бр. 2-2/5, општина Куманово.

Член 3

Во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се организира и остварува згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која како дејност ќе се организира за згрижување, престој, воспитно-образовани, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето на возраст од три до шест години живот, односно до вклучување во основно образование, согласно Законот за заштита на децата.

Член 4

Потребните соодветни и стручни и други работници кои ќе ја остваруваат дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе се обезбедат согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 5

Потребната опрема за опремување на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е согласно пропишаните стандарди и нормативи за вршење на дејноста.

Член 6

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука, ќе биде сместена во објект на улица ул. „Питу Гули ” бр.11, општина Куманово, со површина од 76м2.

Член 7

Бројот на децата кои ќе бидат опфатени со згрижување и воспитание е до 60 деца на возраст од три до шест години, односно до вклучување во основно образование и ќе бидат распоредени во четири згрижувачко – воспитни групи, сообразно на бројот на децата утврдени со Законот за заштита на децата.

Член 8

Програмата за вршење на дејноста е според Програмата за рано учење и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/14).

Член 9

Јазикот на кои ќе се изведуваат активностите во приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука е македонски јазик и неговото кирилско писмо, согласно Законот за заштита на децата.

Член 10

Приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ќе отпочне со работа, по добивањето на решението за вршење на дејноста од министерот за труд и социјална политика и уписот во Централниот регистар на Република Македонија.

Член 11

Средствата за основање и работа на приватната установа за деца од член 1 од оваа одлука ги обезбедува основачот.

Член 12

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-7698/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

3920.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15 и 106/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Основниот суд Скопје 1 - Скопје му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило марка Фолксваген Пасат 1.9 ТДИ, со регистарски број SK – 7142 - AE, со број на шасија:WVWZZZ3BZ4P203742, број на мотор: 262733, година на производство: 2003 година.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење без надоместок на Министерството за внатрешни работи.

Член 3

Претседателот на Основниот суд Скопје 1 - Скопје склучува договор со министерот за внатрешни работи, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-7757/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3921.

Врз основа на член 44 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15 и 106/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА – КРУШЕВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за труд и социјална политика му престанува користењето на движната ствар – патничко моторно возило марка КИА СЕПФИА, број на шасија KNEFB2-422Y5429053, со регистарска ознака SK-2868-АН.

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука се дава на трајно користење, без надомест, на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крушево.

Член 3

Министерот за труд и социјална политика склучува договор со директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-7865/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

3922.

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“, бр. 78/15 и 106/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со оваа одлука на Министерството за внатрешни работи му се даваат без надомест, на трајно користење недвижни ствари во зграда бр. 1, во касарна „Гоце Делчев“ - Скопје (објект старо Воено обвинителство), лоцирани на КП 1768/18, КО Кисела Вода 2, запишани во Имотен лист бр. 41160, сопственост на Република Македонија и тоа:

- влез 1, кат приземје, намена на посебен дел од зграда ДП, со површина од 841 м2,
- влез 1, кат 1, намена на посебен дел од зграда ДП, со површина од 568 м2 и
- влез 1, кат 2, намена на посебен дел од зграда ДП, со површина од 247 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-7993/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

3923.

Врз основа на член 23 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15 и 106/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.8.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДАЖБА НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ - ОБЈЕКТИ ВО КАТЛАНОВО

Член 1

Да се изврши продажба на недвижни ствари – објекти во Катланово, сопственост на Република Македонија, корисник Министерство за труд и социјална политика, евидентирани во ИЛ бр.1296, лоцирани на КП бр.1225, КО Катланово и тоа:

- зграда 1, влез 1, ПО, со внатрешна површина 77 м2;
- зграда 1, влез 1, ПР, со внатрешна површина 43 м2;
- зграда 1, влез 1, ПР, со внатрешна површина 542 м2;
- зграда 1, влез 2, ПО, со внатрешна површина 89 м2.

Член 2

Продажбата на недвижните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронски систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи, со проценета вредност, утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења број СВ 5 104/15 од 7.7.2015 година, во која е проценета вкупната вредност на имотот на износ од 2.209.695.00 денари.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува вкупната проценета вредност и истата изнесува 2.209.695.00 денари.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk .

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-8020/1
12 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
